| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Праисториски животни |
| **Содржина на денот** | Мојот омилем диносаурус |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Адријана Станков |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема колку е важна личната хигиена за нашето здравје.Секојдневно да го миеме лицето,рацете и забите. Да го почитуваме физичкото растојание во градинка,но и секаде каде што ќе се движиме. |
| **Активности** | Заедно со Вашето дете разгледувајте слики од диносауруси. Набљудувајте ги и опишувајте ги. Како предлог инересна е енциклопедијата „Мистерија на диносаурусите”, каде што детето ќе има можност да научи интересни факти за овие суштества. Обидете се да ги споредувате и да барате разлика меѓу нив. Раскажете му на детето како диносаурусите пред многу години господареле со земјата. Се претпоставува дека првиот диносаурус бил голем колку мисирка и се движел на задните нозе. Како поминувало времето некои од нив станале многу големи. Интересен факт за диносаурусите е дека тие немале развиен мозок.<br>Понудете му на детето на лист хартија,со водени боички и четка да го наслика диносаурусот што му оставил најголем впечаток. Оставете го детето самостојно да ја искаже својата фантазија и креативност.<br>На интернет побарајте некој анимиран филм за диносаурусите и заедно со детето гледајте го и уживајте! |